(„Службен весник на Република Македонија“ бр.102/10, 144/10, 58/12, 40/13, 143/13 и 14/18 и(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 35/20)

Врз основа на член 36 став (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19, 244/19 и 275/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**-ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ-**

# ПРАВИЛНИК ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА УВОЗНИЦИ НА ОДДЕЛНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за упис во регистарот на увозници на одделни земјоделски производи.

Член 2

Правното лице кое врши увоз на меркантилна пченица треба:

-да е микро, мало, средно или големо претпријатие согласно Законот за земјоделство и рурален развој со најмалку четири вработени лица на неопределено време;

-да е запишан во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност за производство на мелнички или пекарски производи и тестенини; за трговија на големо со жита и за складирање на стока.

-да е солвентно во смисла на целосно намирени обврски за откуп од претходната производна година;

-да располага со објекти и опрема за преземање: кип платформа, приемен бункер, машинска куќа и комора или вреќи за отпадоци, статична вага и опрема за чистење на зрното, доколку врши увоз на меркантилна пченица во непакувана (рефусна) состојба и/или

-да располага со објекти за привремено (подно) складирање во тенки слоеви, во вреќи или во контејнери, доколку врши увоз на меркантилна пченица во пакувана состојба;

-да располага со опрема за квалитетно сместување (складирање) и чување во непакувана (рефусна) состојба: мерни проточни ваги, хоризонтални и вертикални елеватори за транспорт на зрното до ќелиите и опрема за оценка на квалитетот на зрното при приемот и излезот на зрното од складиштето, доколку врши увоз на меркантилна пченица во непакувана (рефусна) состојба;

-да располага со опрема за оценка и сортирање на квалитет на зрното: баждарен влагомер, апарат за определување на хектолитарска маса, апарат за примеси или да има договор за вршење анализи на квалитетот со соодветна лабораторија или со Државна фитосанитарна лабораторија за време на најавениот увоз на меркантилна пченица;

-да има склучен договор за продажба на целата количина на увезена меркантилна пченица со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

Член 3

Правното лице кое врши увоз на брашно од пченица треба да:

- е мало, средно или големо претпријатие согласно Законот за земјоделство и рурален развој со најмалку четири вработени лица на неопределено работно време;

- е запишано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност за производство на мелнички или пекарски производи и тестенини, за трговија на големо со жита и за складирање на стока;

- е солвентно во смисла на целосно намирени обврски за откуп од претходната производна година;

- располага со објект за прием на брашно-магацин за чување на брашно во вреќи со површина од минимум 2 $м^2$ за 1 тон скалдирано брашно наизменично наредени во слоеви (од два до три) на палети со носивост до 1 тон/палета;;

- располага со објекти и опрема за сортирање: мешалка на брашно (хомогенизатор), лабораторија опремена со соодветна опрема за одредување на содржината на пепел, влага, седиментација по Зелен (Zeleny), протеини и глутен или има договор за вршење на анализи на квалитетот со соодветна лабораторија или со Државна фитосанитарна лабораторија или акредитирана лабораторија опремена со соодветна опрема за одредување на содржината на пепел, влага, седиментација по Зелен (Zeleny), содржина на протеини и глутен за време на најавениот увоз;

- располага со објекти и опрема за квалитетно складирање и чување на брашното: бункери (комори или ќелии);

- располага со опрема за транспорт и прием на брашно (цистерна, за транспорт на брашно во непакувана форма) и во пакувана на начин со кој ќе се обезбеди задржување на квалитетот и хигиенската исправност на брашното и

- има склучен договор за продажба на целата количина на увезено брашно, со исклучок на правното лице кое врши увоз заради преработка за сопствени потреби.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".